# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ 2021-2023

1

## 1. Податоци за избраната Програма

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE, DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. / Nr. 17-786/1
24-01-2025 20 год. / viti

**Име на програмата:**

**Поддршка за креирање на нови работни места**
**Министерство социјална политика, демографија и млади**

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**
**Агенција за вработување на Република Северна Македонија**

**Вид на програмата**

☒ **Хоризонтална**

☐ **Вертикална**

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027:**

Во Република Северна Македонија, прашањата за родовата еднаквост од законодавен аспект се регулираат со Уставот и со посебен закон, односно со Законот за еднакви можности на жените и мажите. Покрај ова, постојат низа стратешки документи за родова еднаквост, како генерална определба за вклучување на родовата перспектива во другите закони кои регулираат различни општествени области, со што се обезбедува системски пристап во постигнувањето родова еднаквост и зајакнување на жените и девојчињата.
Главен приоритет на полето на економијата е активација на женското население и зголемено учество на пазарот на труд. Овој приоритет е високо поставен во Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и во други стратегии на национално ниво кои се однесуваат на унапредување на економијата и зголемување на вработеноста.
Врз основа на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 170/2022) во Националниот акциски план за родова еднаквост 2022-2024 со фискални импликации, во Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот и Специфична цел 2.1: Намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и на пазарот на труд, со интерсекциски пристап се предвидува: Спроведување на теренски активности (јавни дебати, информативни средби) за запознавање на жените од рурални средини за можности за вработување и стимулирање на здружувањето на жените од руралните средини во задруги; Финансиска поддршка за женско претприемништво за дигитализација на деловните процеси.

## 2. Вовед

Според податоците на Државен завод за статистика, жените во Република Северна Македонија имаат ниска стапка на учество на пазарот на трудот која се движи од 45.1% во 2021 година до 42.8 % во 2023 година, што е под глобалниот просек од 48.7% и просекот на Европската унија од 52.3%. Во споредба, стапката на учество на мажите е значително повисока која се движи од 66.8% во 2021 година до 62 % во 2023 година. (види табела 1)

Иако вработувањето директно зависи од економскиот раст и развој, како посебен напор за постигнувањето на поголема вработеност, Владата на Република Северна Македонија донесува политики и активни мерки на пазарот на трудот.

**Табела 1. Стапки на активност на населението по пол**

**Normat e aktivitetit të popullsis sipas grupmoshave**

| | Стапка на активност Shkalla e aktivitetit | | | Стапка на вработеност1) Shkalla e punësimit1) | | | **Стапка на невработеност Shkalla e papunësimit** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2002 | 2023 | 2021 | 2022 | 2023 | 2021 | 2022 | **2023** |
| **Вкупно Gjithsej** | 55.8 | 55.2 | 52.3 | 47.2 | 47.3 | 45.4 | 15.4 | 14.4 | **13.1** |
| **мажи** | 66.8 | 66.3 | 62 | 55.7 | 55.9 | 53.2 | 16.6 | 15.7 | **14.3** |
| **жени** | 45.1 | 44.3 | 42.8 | 39.0 | 38.8 | 37.9 | 13.6 | 12.5 | **11.3** |

Извор: Државен завод за статистика

Активните мерки на пазарот на труд во Република Северна Македонија се воведени во 2007 година , со цел справување со високите стапки на невработеност и неактивност. Истите се дел од годишниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување (Оперативен план) кој го креираше Министерството за социјална политика, демографија и млади, додека Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРМ) е задолжена за нивна имплементација.

Главно, активните мерки се поделени во следните категории:

- Поддршка за самовработување
- Поддршка за креирање на нови работни места
- Обуки
- Практиканство
- Програма за работно ангажирање
- Економија на грижа
- Поддршка за креирање на нови работни места преку зелени инвестиции
- Исплата на младински додаток
- Втора шанса

Целта на овие политики и програми е да се постигне зголемена стапка на вработеност, намалување на сиромаштијата и економска активност.

Сите евидентирани невработени лица и работодавачи имаат пристап до програмите, односно мерките и услугите за вработување. Правото на учество се определува врз основа на условите и критериумите дефинирани за секоја

одделна програма односно мерка и услуга за вработување, а како општо правило е земен принципот на еднаква застапеност според Законот за еднакви можности на жените и мажите, како и учество на млади лица, лица до 29 години од најмалку 30 % во 2022 година, додека во 2023 година од најмалку 40 %, во секоја од програмите и мерките и услугите на вработување. Работодавачите кои не ги почитувале обврските од договорите потпишани во претходните години немаат право на учество во активните програми и мерки од во наредните години.
Вкупните трошоци за политики на пазарот на трудот се повисоки од регионалниот просек, но ниски во однос на земјите за споредба од ЕУ. Во 2018 година, Република Северна Македонија издвои 0,43% од својот БДП за политики на пазарот на труд, од кои нешто повеќе од една третина беше потрошена за активни мерки и политики за вработување (0,15% од БДП) и речиси половина за бенефиции за невработеност (0,20% од БДП). Во 2022 година за активни програми и мерки за вработување, согласно Оперативниот план, се алоцирани финансиски средства во износ од 0,25% од БДП, а за „пасивни" мерки се реализирани околу 0,18%.[1]

## 3. Позадина/контекст

Поддршката за креирање нови работни места е мерка во Оперативниот план за вработување (егзистира од 2017), чија цел е поттикнување на вработувањето на невработените лица во микро, мали и средни претпријатија, социјални претпријатија (примарно насочени кон социјални/општествени цели и чии профит се реинвестира за остварување на тие цели односно, организации што се занимаваат со економска активност при вршење на дејност), т.е активност класифицирана според Националната класификација на дејности со кој организациите ги остваруваат своите цели утврдени со статусот. Поддршката за вработување може да биде во форма на субвенција на плати или во форма на грант за набавка на нова опрема и/или материјали. Оваа мерка има три подмерки и тоа:

- Субвенционирање на плати – мерка за поттикнување на вработување на лице кое потешко се вклучува на пазарот на трудот; млади лица до 29 години; постари од 50 години; невработени лица на кои им престанал работниот однос во период на пандемијата на Коронавирусот COVID19; повратници од странство поради кризата предизвикана од пандемијата на Коронавирус COVID 19; лица корисници на гарантирана минимална помош; корисници на паричен надоместок по основ на невработеност; лица што имале статус на деца без родители и родителска грижа; жени-жртви на родово базирано насилство и жртви на семејно насилство; лица со попреченост; жени припадници на ромската етничка заедница и на останатите етнички заедници; лица припадници на ромската етничка

[1] https://natlex.ilo.org/dyn/natlex2/natlex2/files/download/117008/MKD-117008.pdf

заедница; лица на кои не е решен статусот со лични документи; самохрани родители; родители на деца со пречки во развој; родители на три и повеќе деца; родители на деца на улица осудени лица по отпуштање од казнено поправна установа; бездомни лица; лица со незавршено средно или пониско образование. Оваа мерка е насочена кон поддршка за вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот: долгорочно невработени над 12 месеци во евиденција на АВРСМ. Финансиските инструменти за мерката вклучуваат еднократна финансиска поддршка исплатена за период од 3, 6 или од 12 месеци, од кои дел се однесува на трошоците за плати, а дел за трошоците за обука на ново вработени лица со полно работно време. Висината на поддршка изнесува 19.000 денари месечно за период од 3, 6 или 12 месеци за вработување на лица од целните групи. Работодавачот може да му исплати на работникот и повисока плата;

- Вработување и раст на правни субјекти- мерка за поддршка во креирање на нови работни места во микро, мали и средни претпријатија, социјални претпријатија и граѓански организации. Поддршката за вработување преку вработување и раст на правни субјекти вклучува поддршка за нови вработувања до 460.000 денари, 768.750 денари и 1 000 000 денари (во зависност од возраста и бројот на одобрени вработувања). Висината на грантот за вработувањето на едно лице на возраст над 29 години изнесува 92.000 денари, за лица до 29 години возраст висината на грантот за вработено едно лице изнесува 153.750 денари, а за лица корисници на гарантирана минимална помош и за невработени лица од ромска етничка заедница ,висината на грантот за вработено едно лице изнесува 200.000 денари, а за невработените лица кои ги изгубиле своите работни места по појава на пандемијата на Коронавирусот COVID19 (од март 2020 година) финансиската поддршка ќе изнесува 260.000 денари.
- Поддршка за вработување на лица со попреченост- микс од мерки за поттикнување на вработувањето на лица со попреченост преку субвенција на плата, адаптација на работно место и нивно работно оспособување преку обуки и менторство. Мерката поддршка за вработување на лица со попреченост вклучува различни видови финансиска поддршка и тоа: вработување на лице со попреченост на неопределено време за што се доделуваат 20 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред вработувањето, односно 40 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред вработувањето доколку станува збор за слепо лице или за лице со попреченост што се движи со помош на инвалидска количка; адаптација на работно место за што се доделуваат финансиски средства во висина до 100.000 денари; и набавка на опрема за што се доделуваат средства во висина до 200 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија во претходната година, при што основен критериум за висината на доделените средства е бројот на вработени инвалидни лица; и работно оспособување на вработени и невработени инвалидни лица.

Учество во програмата и селекција на работодавачи се врши во согласност со следните критериуми :

- Вкупниот број на работници на неопределено време на денот на аплицирање и пред реализација на поддршката, не треба да биде понизок од просечниот број на вработени лица на неопределено време во претходната календарска година, освен ако причините за намалување на бројот на вработени лица на неопределено време се поради прекин на работниот однос (поради отказ од работникот), остварување на право на пензија, смрт или неспособност за работа;
- На денот на аплицирање ги има помирено сите обврски по основ на исплатени плати и придонеси од задолжително социјално осигурување;
- Да нема финансиска загуба во претходната година освен ако загубата е направена поради капитални инвестиции од страна на правниот субјект;
- Работодавачот да има најмалку едно вработено лице на неопределено време, со исклучок на граѓанските организации што во моментот на аплицирање можат да немаат вработено лице;
- Бројот на ново-вработени лица што работодавачот може да ги добие преку програмата за поддршка за вработување не може да биде поголем од 50% од просечниот број на вработени во претходната календарска година, при што максималниот број не може да биде поголем од 5 лица кај еден работодавач во една календарска година, освен при вработување на корисници на гарантирана минимална помош каде максималниот број на вработени лица со ова мерка не е ограничен.

Реализацијата се одвива преку јавен повик, а постапката предвидува поднесување на апликација, процес на селекција, потпишување на договор за грант за набавка на нова опрема и/или материјали или вработување и последниот чекор мониторинг или следење на мерката.

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

***Субвенционирање на плати***

Со мерката субвенционирани плати во 2021 година, планираниот опфат на невработени лица кои потешко се вклучуваат во пазарот на трудот изнесувал 1978 лица. Во 2022 година предвидениот опфат на оваа мерка изнесувал 2508 невработени лица, од кои 790 лица преку ИПА проектот од следните целни групи: корисници на гарантирана минимална помош, жени, млади до 29 години, Роми, лица со попреченост и долгорочно невработени (IPA II четврти директен грант обезбедува 50% од вкупниот износ на субвенција за 790 лица). Додека во 2023 година опфатот на невработени лица на оваа мерка изнесувал 2508 невработени лица, од кои 790 лица преку ИПА проектот од следните целни групи: корисници на гарантирана минимална помош, жени, млади до 29 години, Роми, лица со попреченост и долгорочно невработени (IPA II четврти директен грант обезбедува 50% од вкупниот износ на субвенција за 790 лица).

1.Графикон. Планиран опфат на невработени лица за мерката Субвенционирање на плати




Во 2021 година потпишани се 1406 договори со работодавачи за вработување на 1771 невработено лице, од нив 832 лица се жени, 912 се млади до 29 годишна возраст и 79 лица се Роми.

Во 2022 потпишани беа 1228 договори со работодавачи за вработување на 1536 невработени лица. Од нив, 767 лица беа жени, 719 лица беа млади до 29 годишна возраст и 69 лица беа Роми. Во рамки на ИПА проектот „Активација на ранливи групи на пазарот на трудот" согласно ОП 2022, 124 лица беа вработени со оваа мерка од 70 лица се жени, 79 лица се млади до 29 годишна возраст и 9 лица се Роми

Во 2023 година потпишани беа 1156 договори со работодавачи за вработување на 1360 невработени лица. Од нив, 777 лица беа жени, 704 лица беа млади до 29 годишна возраст и 59 лица беа Роми. ( види графикон 2)

Графикон 2. Договори со работодавачи, вработени лица и жени




Во анализираниот период може да се заклучи дека имаме намалување од 18% на потпишани договори со работодавачи, намалување од 15 % на вработување на жени и вработување на млади за 23% во 2023 година во однос на 2021 година.

Според административните податоци на АВРСМ најзастапени во целните групи: се млади лица до 29 години, лица со возраст од 30 -49 години, лица од 50 и повеќе

години, лица со основно образование, долгорочно невработени (над 12 месеци во евиденција, со предност на невработени лица, жени припадници на Ромската етничка заедница и др.

***Вработување и раст на правни субјекти***

Во 2021 година планиран опфат на учесници 353 невработени лица. Во текот на 2021 година беа објавени два јавни повици на кои аплицираа 448 работодавачи за 628 вработувања. Заклучно со 31.12.2021 година, реализирани беа вработувања на 247 лица, од кои жени беа 118 лица, млади до 29 години беа 151 лице , 22 Роми , а корисници на гарантирана минимална помош беа 7 лица.

Во текот на 2022 година, на јавниот повик аплицираа 715 работодавачи за 899 вработувања. По направената селекција од страна на Комисијата за селекција на учесници во активни програми и мерки за вработување, потпишани беа 355 договори со работодавачи за вработување на 446 невработени лица. Од нив, 251 лица беа жени, 231 лица беа млади до 29 годишна возраст и 33 лица беа Роми.

За 2023 година планираниот опфат на учесници беше 536 невработени лица .Во текот на 2023 година, на јавниот повик аплицираа 731 работодавачи за 954 вработувања. По направената селекција од страна на Комисијата за селекција на учесници во активни програми и мерки за вработување, потпишани беа 420 договори со работодавачи за вработување на 545 невработени лица. Од нив, 278 лица беа жени, 325 лица беа млади до 29 годишна возраст и 148 лица беа Роми.

Преку оваа мерка во анализираниот период вработени се 1238 невработени лица, од кои 647 жени ,707 лица млади до 29 години и Роми 303.

Она што може да се заклучи од податоците од Извештаите на оперативните планови за мерките за вработување е дека бројот на вработени лица во 2023 година е зголемен за 54% во однос на 2021 година, како и бројот на жените за 57%.

Графикон 3. Број на вработени лица преку мерката Вработување и раст на правни субјекти




***Поддршка за вработување на лица со попреченост***

Во текот на 2021 до АВРСМ беа доставени 181 барања за доделување неповратни средства од Посебниот фонд, од кои 117 барање за вработување на 167

инвалидни лица на неопределено време, 63 барања по основ набавка на опрема и 1 барања за адаптација на работно место на кое работат инвалидните лица. Согласно финансиската евиденција за 2021 реализирани се средства во вкупен износ од 173.248.121 денари и тоа за:

- вработување на 157 инвалидни лица (113 барања) исплатени се средства во износ од 76.129.820 денари;
- набавка на опрема за 57 барање исплатени се средства во износ од 97.054.301 денари;
- адаптација на работно место за 1 барање исплатени се средства во износ од 100.000 денари;

Додека во 2022 година до АВРСМ беа доставени 152 барања за доделување неповратни средства од Посебниот фонд, од кои 112 барање за вработување на 153 инвалидни лица на неопределено време, 37 барања по основ набавка на опрема и 3 барања за адаптација на работно место на кое работат инвалидните лица. Согласно финансиската евиденција за 2022 реализирани се средства во вкупен износ од 133.323.519 денари и тоа за:

- вработување на 137 инвалидни лица (95 барања) исплатени се средства во износ од 73.270.520 денари;
- набавка на опрема за 41 барање исплатени се средства во износ од 59.852.999 денари;
- адаптација на работно место за 2 барања исплатени се средства во износ од 200.000 денари.

Во текот на 2023 година до АВРСМ беа доставени 139 барања за доделување неповратни средства од Посебниот фонд, од кои 97 барање за вработување на 140 инвалидни лица на неопределено време, 41 барање по основ набавка на опрема и 1 барање за адаптација на работно место на кое работат инвалидните лица. Нема поднесено барања за работен асистент на инвалидно лице кое е вклучено во работно оспособување, на негово барање или на барање на работодавачот. Согласно финансиската евиденција за 2023 година реализирани се средства во вкупен износ од 146.860.794 денари, и тоа за:

- вработување на 130 инвалидни лица (96 барања) исплатени се средства во износ од 72.771.500 денари;
- набавка на опрема за 39 барања исплатени се средства во износ од 73.989.294 денари;
- адаптација на работно место за 1 барање исплатени се средства во износ од 100.000 денари.

Во анализираниот период може да заклучиме дека имаме намалување на вработување на инвалидни лица, како и на финансиските средства на оваа под мерка.

Во текот на анализираните три години вкупниот број на вработени лица преку мерката Поддршка за креирање на нови работни места е 6474 невработено лице евидентирано во АВРСМ.

Во рамките на реализацијата на услугите од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, во 2023 година беа дадени вкупно 57590 услуги за невработени лица: за жени – 27779 (48%).[2]

Во извештајниот период имаме зголемување на учеството на невработените жените во програмите и мерките на Оперативниот план за вработување при што во 2021 година изнесува 44,2%, во 2022 година е 45,4 % додека во 2023 година е 46%.

## 5. Анализа на буџетски алокации (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).

Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:
Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;
Процентуалната распределба на трошоците на мажите и жените;
Анализа на ефектите и влијанието во остварување на индикаторите на програми специфично наменети за одредена категорија граѓани, мажи или жени.

Во анализираниот период буџет за реализирање на мерките од оперативниот план финансиските средствата се зголемуваат, како и опфатот на невработените лица. Планираниот буџет за реализирање на мерките од Оперативниот план во 2023 година се зголемува за 13,6% во однос на 2021 година. Стапката на реализација на финансиските на буџетот се движи од 84,4% во 2021[3] година до 76,4% во 2023[4] година

Од прикажаните податоци на Годишните извештаи може да се заклучи дека за мерката Поддршка за креирање на нови работни места финансиските средства се намалени за 18,2% во 2023 година во однос на 2021 година. (види табела).

Табела 2. Приказ на планираните и релизираните средства на Оперативниот план за 2021, 2022 и 2023

| | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Планиран буџет за ОП | 1.801.677.152 | 1.787.000.000 | 1.966.946.323 |
| Реализирани средства за ОП | 1.528.127.866 | 1.553.325.360 | 1.788.780.000 |
| Планиран буџет на мерката Поддршка за креирање на нови работни | 756.841.580 | 715.769.453 | 614.282.755 |
| Планиран буџет на подмерката Субвенционрани плати | 443.574.080 | 489.541.400 | 181.419.324 |
| Реализирани средства на подмерката Субвенционирани плати | 390.165.000 | 356.286.000 | 74.614.000 |
| Планиран буџет на подмерката Вработување и раст на правни субјекти | 49.967.500 | 109.018.250 | 107.200.000 |

[2] https://av.gov.mk/godishni-izveshtai.nspx
[3] https://av.gov.mk/content/%D0%94%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%90%D0%92%D0%A0%D0%A1%D0%9C%202021.pdf
[4] https://av.gov.mk/godishni-izveshtai.nspx

| | | | |
|---|---|---|---|
| Реализирани средства на подмерката Вработување и раст на правни субјекти | 45.590.000 | 71.187.105 | 89.642.000 |
| Планиран буџет на подмерката Поддршка за вработување на лица со попреченост | 189.500.000 | 175.000.000 | 339.000.000 |
| Реализирани средста на подмерката Поддршка за вработување на лица со попреченост | 156.929.793 | 133.323.519 | 123.987.501 |

## 6. Тесни грла и научени лекции (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори )

За да го зголемиме процентот на жени апликанти а со тоа да се зголеми и бројот на вработени, потребно е поголема информираност на жените за поволностите кои се нудат, поголема ангажираност на општините и на координаторите за еднакви можности во единиците на локална самоуправа околу информирањето и промоцијата на активните политики за вработување во локалните заедници.

## 7. Заклучоци и препораки

Од анализата на резултатите од имплементација на мерката Поддршка за креирање нови работни места може да заклучиме дека е константно успешна во поглед на покажаниот интерес од невработените лица и работодавачите на микро, мали и средни претпријатија, бројот на поднесени апликации и одржливост на претпријатијата, и истата треба да продолжи да се спроведува и во наредните години.

Имено според анализата на мерката по целни групи ни укажуваат дека во анализираниот период најзастапени се невработени жени, млади лица до 29 години, лица со возраст над 50 години, лица со незавршено средно или пониско образование, родители со 3 или повеќе деца.

Анализата покажува дека оваа мерка е родово одговорна, но препораките се насочени кон:

- Промовирање на мерките на жени корисници на гарантирана минимална помош, жртвите на родово базирано насилство, жени жртви на трговија со луѓе, жени Ромки и припаднички на други етнички заедници преку соработка на Центрите за социјална работа и Центрите за вработување на локално ниво;
- Обуки на работодавачите кои ќе вработат жени жртви на родово базирано насилство, воведување на флексибилно работно време на работните места итн. недостасува јасна визија за нивно вклучување;
- Во однос на мерката, Поддршка за креирање на нови работни места не постои статистика за следење на состојбата со вработувањата откако ќе помине предвидениот рок, односно откако ќе заврши обврската на работодавачот. Ова мерка мора да обезбеди долгорочни вработувања кои ќе придонесат кон осамостојување и економска независност на различните ранливи категории

кои се опфатени. Во спротивно, мерката не е ефективна и треба да се ревидира во насока да ја постигне целта, а тоа е намалување на невработеност и сиромаштија;

- Унапредување на информирањето и промоција на активните политики за вработување во локалните заедници во руралните средини преку ангажираност на општините и на координаторите за еднакви можности во локалната самоуправа;
- Менторска поддршка од страна на Центрите за вработување во надминување на различни бариери и предизвици при аплицирање на жените – корисднички на гарантиран минимален приход, жени Ромки, припаднички на други етнички заедници и жени со инвалидитет.
- Во Годишните извештаи да има родово разделени податоци по категории: образование, по плански региони, по националност, по целни групи, по висина на субвенционирани плати, должина на субвенцијата, информации за фирмите и др.

Министер/Ministri,
Fatmir Limani

Изработил/Përpiloi: м-р Габриела Маџоска,
раководител на одделение / Udhëheqëse njësie
Превод/përktheu Elmedina Selmani
Контролирал/Kontrolloi: Светлана Цветковска,
раководител на сектор/Udhëheqëse sektori
Одобрил/Miratoi: Јасмина Иванова/Jasmina Ivanova,
државен советник/Këshilltare shtetërore
Согласен/Pajtohet: Fatmir Sabriu,
државен секретар/ Sekretar shtetëror